**ОГЛАС ЗА СЛОБОДНО РАБОТНО МЕСТО – Експерт за информатичка технологија (ИКТ)
Проект финансиран од ЕУ „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“**

| | |
|---|---|
| Контрактор: | Агенција за европска интеграција и економски развој (АЕИ) |
| Локација: | Скопје, Северна Македонија |
| Тип на вработување: | Краткорочен ангажман |
| Очекуван почеток: | Август 2021 |
| Очекувано времетраење: | 30 дена, август 2021 – септември 2021 |

**ПОЗАДИНА**

За време на спроведената анкета под активноста 2.5.1, идентификувано е дека моменталната состојба поврзана со темата информатичка технологија во Агенцијата за управување со одземен имот и Канцеларијата за поврат на имот (АРО) бара итно ажурирање. Предвидените мерки се во согласност со новата Национална Стратегија за зајакнување на капацитетите за финансиска истрага и конфискација на илегално стекнати средства 2021-2023 година. Оваа стратегија се смета за приоритет на Владата.

Краткорочниот експерт во областа на ИТ технологијата ќе обезбеди итна проценка на потребата поврзана со Агенцијата за управување со одземен имот и Канцеларијата за поврат на имот (АРО) како две многу важни институции во оваа исклучително специфична област на финансиска истрага. Работата ќе се спроведе во рамките на Компонентата 2 (зајакнување на истражните капацитети) како дел од тимот кој го имплементира проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, Северна Македонија, финансиран од грант на Европската унија. Проектот се спроведува од страна на искусно меѓународно партнерство предводено од Агенцијата за европска интеграција и економски развој (АЕИ) ГмбХ и тројца апликанти - Министерството за правда и администрација на Република Хрватска, Министерството за внатрешни работи на Република Австрија и Лудвиг Болцман Институтот за основни и човекови права.

Главната цел на проектот е зајакнување на владеењето на правото во Северна Македонија. Проектот има четири специфични цели: 1. Да се подобрат капацитетите на правосудните институции да обезбедат правда на транспарентен и одговорен начин, 2. Да се зајакнат капацитетите за ефикасно спроведување на современите истражни техники во борбата против организираниот криминал, 3. Да се подобри превенцијата и борбата против корупција и 4. Да се зајакне заштитата на основните права.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

## УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

Актуелната состојба во Северна Македонија беше идентификувана во меѓународно истражување, кое ја разјасни статус кво состојбата во областите на финансиска истрага, наплата на поврат на имот, заплена и конфискација, целите и видот на потребната поддршка, како и институционалната и правната рамка во Република Северна Македонија. Во однос на две особено важни институции во овој сеопфатен ланец, Агенцијата за управување со одземен имот и Канцеларијата за поврат на имот (АРО), ИТ решенијата се идентификувани од најголема важност во моментот. Затоа, за да се воведат апсолутно потребните ИТ решенија, потребна е итна проценка на потребата за двете институции. Мора да се истакне дека експертизата треба да доаѓа од еден ИТ експерт и во двата случаи, за да се избегне било какво недоразбирање поврзано со неопходното поврзување и со други релевантни институции.

Целта на активноста е подготовка на анализа за моменталната состојба на ИКТ опремата на Агенцијата за управување со одземен имот, подготовка на анализа на моменталната состојба на Агенцијата во врска со употребата на системот за интероперабилност и подготовка на анализа за набавка на нова веб-страница на Агенцијата.

- Преглед и анализа на постојната институционална структура и постојната техничка опрема, вклучувајќи софтвер и други материјално-технички артикли, за Агенцијата за управување со одземен имот.
- Преглед на анализи за моменталната состојба на Агенцијата за управување со одземен имот во врска со идното поврзување на платформата за интероперабилност и идното поврзување со други институции како што се Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, Јавното обвинителство за организиран криминал, Царинска управа, Управа за Финансиска полиција, Единица за финансиско разузнавање и Канцеларијата за поврат на имот, преку платформата за интероперабилност.
- Преглед и анализа за развој на нова веб-страница на Агенцијата.
- Подготвка на извештај и препораки со презентирање на првичен преглед и верификација на тековниот статус.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Извештај на краткорочниот експерт со јасна препорака за понатамошен ИТ развој на процесот на поврат на имот и управувањето со имотот во Северна Македонија. Проценката мора да биде со таков квалитет, да може да се гледа како солидна основа за подоцнежна следна ИТ имплементација.  Решенијата за интероперабилност мора да бидат земени во предвид и сите технички прашања треба да се решат со практични решенија.

- Подготвени анализи за постојната институционална структура и постојната техничка опрема.



This project is funded by the European Union

AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development

Federal Ministry Republic of Austria Interior

REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration

LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights

EU with YOU

- Подготвени анализи за моменталната состојба на Агенцијата во врска со идното поврзување на платформата за интероперабилност со платформата за интероперабилност на другите институции како што се Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, Јавното обвинителство за организиран криминал, Царинска управа, Управа за Финансиска полиција, Единица за финансиско разузнавање и Канцеларијата за поврат на имот.
- Подготвени анализи за иден развој на нова веб-страница на Агенцијата.
- Подготвен извештај кој претставува првичен преглед и верификација на тековниот статус.

**БАРАЊА:**

- ИТ експерт со минимум 12 години работно искуство.
- Течно говорење и пишување на англиски и македонски јазик.
- Флексибилност, силни вештини за адаптација и способност за тимска работа во потенцијално стресно опкружување под тесни рокови.

**ПРЕДНОСТИ:**

- Безбедносен сертификат доколку е потребно за извршување на работата во АРО и Агенцијата за управување со одземен имот.
- Искуство за работа со институции за спроведување на законот во Северна Македонија.
- Претходно воспоставени работни контакти со експерти за ИКТ од Министерството за правда.
- Работа со една од институциите корисннички претходно.

**ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ:**

Апликациите треба да бидат испратени на dragan.kovacevic@aei.at и guenther.bechtloff@rol.mk до 05.08.2021 година, со назнака „Краткорочен експерт“ за Агенција за управување со одземен имот – ИКТ поддршка, и вклучено CV во Europass формат  на англиски јазик . Апликациите испратени по истекот на рокот или нецелосните апликации нема да бидат земени во предвид. Само кандидатите во потесен избор ќе бидат поканети на лично интервју.

Избраниот експерт ќе потпише договор за услуги со проектот. Ќе биде негова / нејзина единствена одговорност да ги почитува сите законски барања за овој договор, како и да ги покрие сите поврзани даноци и трошоци.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU